**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-104/6
Датум: 07-04-2026 г.
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 175 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.154/19, 178/2021 и 58/24), член 325 од Статутот на Филозофски факултет – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.463/2019, бр.569/2021, бр. 609/2022 и 647/2023), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **XVI** редовна седница одржана на **7.IV 2026 год.,** ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно-научно звање**

1. Се прифаќа рефератот на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1347 од 15.II 2026 година за избор на **д-р Емил Димитриев** во наставно-научно звање **доцент**, за следниве наставно-научни области: Социологија (5.04.00.01), Политички систем (5.06.00.04).
2. Се избира **д-р Емил Димитриев** во наставно-научно звање **доцент**, за следниве наставно-научни области: Социологија (5.04.00.01), Политички систем (5.06.00.04).
Со именуваниот ќе се склучи договор за работа со кој засновува работен однос за времето на кое е избран.
3. **д-р Емил Димитриев** се избира во наставно-научно звање **доцент, за време од пет години.**
4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на распишан Конкурс за избор во наставно-научните звања по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" од 26.XII 2025 година, на кој се пријави: **д-р Емил Димитриев.**

Во изготвениот Реферат од страна на рецензионата комисија со бр. 04-104/3 од 06.II 2026 год., беше предложен кандидатот **д-р Емил Димитриев** за избор во наставно-научно звање доцент.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 7.IV 2026 година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуван/ата, досието, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделение за човечки ресурси и настава, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Оливер Бакрески

изработил: Ана Ј. Иванова
одобрил: Василка Наумоска